# Број 6
# 06.05.2026 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Одделение за правни и општи работи

Мај, 2026

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 06 .05.2026 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## за објавување на актите од Вонредна седница на Советот на Општина Делчево

I

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ донесени на Вонредната седница одржана на 06.05.2026 година и тоа:

1. Одлука за констатирање на елементарна непогода-голомразица на територијата на општина Делчево;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08-1520 /1
06.05.2026
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Иван Гоцевски,с.р.

**1.** Врз основа на член 22, став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02); член 15, став 10, член 16, член 17 и член 22, точка 41 од Статутот на Општина Делчево („Сл. гласник на Општина Делчево“ бр. 15/13, 2/19, 1/21), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување („Сл. весник на РМ бр.36/04,49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 41/16, 106/16, 83/18, Советот на Општина Делчево на Вонредна седница одржана на 06.05.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за констатирање на природна непогода- голомразица
## на територијата на Општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се констатира природна непогода-голомразица која ја зафати територијата на Општина Делчево во деновите од 1 до 4 мај 2026 година.

Член 2

Се задолжува Градоначалникот, стручните служби на Општина Делчево да објават јавен повик за пријавување на штетите предизвикани од природната непогода.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 09- 1518/1**
**06.05.2026**
**Делчево**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател,**
**Николчо Стојменовски, с.р.**